**Кошаркарска Федерација
на Северна Македонија
Број 03-43/1
Дата 21.01.2025**

**КОНКУРС ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА**

**КУП "Благоја Георгиевски – Буштур" 2025, 13-15 Февруари 2025**

Согласно Правилникот за Куп натпреварувања, Кошаркарската Федерација на Северна Македонија ги поканува заинтересираните правни и физички лица да поднесат пријава за организатор на Финалниот турнир на Кошаркарскиот куп **"Благоја Георгиевски – Буштур" 2025** во машка и женска конкуренција.

Поднесувањето на пријавите за организација е најдоцна до **(Вторник) 28.01.2025 година** на следната емаил адреса: contact@basketball.org.mk, до 11.00 часот.

Во пријава потребно е да бидат наведени следните податоци:
- Назив на фирма (за правно лице) или Име и презиме (за физичко лице)
- Адреса на фирма (за правно лице) или адреса на живеење (за физичко лице)
- ЕМБС (за правно лице) или ЕМБГ (за физичко лице)
- Телефонски број, емаил адреса

Во пријавите за организатор на Финалниот турнир на Кошаркарскиот куп "Благоја Георгиевски – Буштур" 2025 **треба да биде наведено дали пријавата се однесува за машка или женска конкуренција или за двете**.

По поднесувањето на пријавите за организатор на Финалниот турнир на Кошаркарскиот куп **"Благоја Георгиевски – Буштур" 2025**, на ден 28.01.2025 во 13.00 часот во просториите на КФСМ ќе се одржи јавно наддавање (лицитација).

Почетната сума на јавното наддавање за организација на Купот изнесува 500.000 денари.

Заинтересираните учесници на лицитацијата треба да уплатат 10 % од почетната сума, до почетокот на лицитацијата, на сметката на Кошаркарската Федерација на Северна Македонија (300000003207438) во Комерцијална банка ад Скопје.

Организаторот на Финалниот турнир за Купот 2025 кој ќе се одржи од 13-15 Февруари 2025 година, ги добива правата и обврските што му припаѓаат според Правилникот за Куп натпреварувања и според Прирачникот за организација на Финалниот турнир.

*St. Debarca 28, 1000 Skopje, North Macedonia - Tel/Fax: +38922464988; e-mail:*
*contact@basketball.org.mk / office@basketball.org.mk*
**КФСМ канцеларија/ BFNM office**